РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
АГЕНЦИЈА ЗА АДМИНИСТРАЦИЈА
Бр. 08-1188/4
25-07-2024 година

Врз основа на член 20 став (1) од Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 101/2019), постапувајќи по Барањето за пристап до информации од јавен карактер од барателот: со адреса на бул. поднесено на ден 17.07.2024 година, директорот на имателот на информацијата – Агенција за администрација, го донесе следното

# РЕШЕНИЕ

1. Барањето поднесено од заведено под број 08-1188/1 од 17.07.2024 година, СЕ УВАЖУВА.
2. Службеното лице овластено за посредување со информациите од јавен карактер да ги достави бараните информации до барателот во форма и на начин наведени во барањето, во законски утврдениот рок, со исклучок на: Записник од спроведениот технички дијалог; Извештај за извршената евалуација и Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.
3. Решението стапува во сила со денот на донесувањето.

## Образложение

Барателот до Агенцијата за администрација на ден 17.07.2024 година по пат на електронска пошта поднесе Барање за пристап до информации од јавен карактер, со кое се бараат следните информации од јавен карактер:

*За постапката за јавна набавка на канцелариски материјал бр.02430/2024: 1)Одлука за јавна набавка; 2)Записник од отворањето на понудите; 3)Записник од спроведениот технички дијалог; 4)Пристигнати понуди или пријави за учество (Образец на понуда-Финансиска понуда); 5)Извештај за извршената евалуација; 6)Извештај за спроведената постапка за*

*доделување на договор за јавна набавка; 7)Одлуката за избор на најповолна понуда или поништување на постапката која одговорното лице ја донесе во врска со постапката; 8)Потпишан договор за јавната набавка или рамковната спогодба и 9)Записник со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки доколку постапката за јавна набавка била предмет на управна контрола и сите документи поврзани со управната контрола.*

Имајќи го предвид фактот дека Агенцијата за администрација располага со дел од бараните информации од јавен карактер, како и фактот дека Законот за слободен пристап до информации од јавен карактер не предвидува можност за делумно уважување на барање, следуваше да се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

По однос на бараниот Записник од спроведениот технички дијалог, истиот не постои во досието на предметната постапка, од причина што се работи за јавна набавка која не е сложена и која се спроведува секоја година, а согласно член 76 став (1) од Законот за јавните набавки(„Службен весник на Република Северна Македонија“ бр. 24/19 и 87/21) техничкиот дијалог со економските оператори не е задолжителен.

Во врска со Извештајот за извршената евалуација, истиот не постои во досието на предметната постапка, бидејќи јавната набавка е спроведена без електронска аукција, од причина што критериум за избор е најниска цена, односно со прво поднесена најниска цена при што не се доделуваат бодови.

Во врска со Записникот со инструкции добиени од Бирото за јавни набавки, истиот не постои во досието на предметната постапка, од причина што постапката за предметната јавна набавка не била предмет на управна контрола.

**Правна поука:** Против донесеното решение барателот има право на жалба во рок од 15 дена од денот на приемот на решението до Агенција за заштита на правото на слободен пристап до информации од јавен карактер.

ДИРЕКТОР,

Изработил:
Согласен:

Доставено до:
- Директор;
- Барателот на информацијата;
-Сектор за правни работи и
-Архива.